# ВАШАТА ПОСЕТА НА КЛИНИКАТА ЗА РАДИОЛОГИЈА



## Пред скенирањето

- Земете упат за скенирање со компјутерска томографија - КТ (CT scan) со ниска доза на зрачење, од вашиот доктор.
- Прашајте го вашиот доктор каде е достапна проверка за рак на белите дробови во вашата област.
- Ако досега не сте имале КТ скенирање, разговарајте со вашиот доктор за сите работи што ве загрижуваат.
- Закажете термин за скенирање онлајн, по телефон или лично. Кажете им во клиниката дека учествувате во програмата за проверка за рак на белите дробови.
- Погрижете се да ги земете со себе вашиот упат и Medicare картичката на закажаниот термин за скенирање.
- Носете удобна облека. Можеби ќе треба да се пресоблечете во болничка наметка за скенирањето.
- Пред да одите на скенирање, не заборавајте да го извадите накитот. Ова вклучува прстени, часовници, ѓердани и какви било пирсинзи (piercings). Во спротивно, ќе бидете замолени да ги извадите пред скенирањето.
- Известете ја клиниката однапред ако ви е потребна помош при пресоблекување во болничка наметка или при легнување на масата за скенирање.
- Доколку сакате, договорете се да ве придружува пријател или член на семејството.

Australian Government

NATIONAL LUNG CANCER SCREENING PROGRAM

Ресет





## На скенирањето

- Можеби ќе ве замолат да ви ја измерат висината и тежината, како и да одговорите на неколку прашања, како на пример, дали можете да ги кренете рацете над главата и да ги држите така 5 до 10 минути.
- Во просторијата за КТ скенирање ќе ве однесе радиографер.
- Ќе легнете на грб на маса со рацете над главата. Ќе треба да го задржите здивот за неколку секунди и да останете неподвижни.
- За време на скенирањето, радиограферот ќе направи снимки од вашиот граден кош. Нема да има потреба да примате инјекции.
- **Самото скенирање ќе трае околу 10 секунди** и не би требало да почувствувате никаква болка**.**
- Резултатите нема да ги добиете на денот на скенирањето.

## По скенирањето

- Радиолог ќе ги прегледа вашите снимки за да провери дали има мали грутки, наречени нодули (јазли). Потоа ќе напише извештај што ќе биде внесен во Националниот регистар за проверка за рак (National Cancer Screening Register - NCSR) и испратен на вашиот доктор.
- Вашиот доктор ќе ги добие резултатите од вашето скенирање. Вие ќе добиете известување (преку текстуална порака или писмо) од NCSR во кое ќе бидете информирани што треба да направите следно. Тоа може да биде повторно да направите КТ скенирање со ниска доза на зрачење за две години или да разговарате за вашите резултати со вашиот доктор.
- Доколку на скенирањето се открие нешто што бара понатамошно испитување, NCSR ќе ве поттикне да закажете термин со вашиот доктор, кој ќе разговара со вас за вашите резултати и следните чекори.
- Следните чекори ќе зависат од големината и изгледот на пронајдените нодули. Тоа може да вклучува дополнителни скенирања или упат за доктор-специјалист за заболувања на дишните органи за дополнителни тестови.
- Запамтете, проверката е најефикасна кога редовно правите скенирање за да проверите дали се појавиле промени со текот на времето. Затоа е важно повторно да направите проверка за рак на белите дробови кога ќе дојде време за тоа.
- Во извештајот, радиологот ќе наведе доколку има наоди кои не се поврзани со рак на белите дробови, а за кои треба да разговарате со вашиот доктор.

**За повеќе информации за Националната програма за проверка за рак на белите дробови:**
www.health.gov.au/nlcsp

Quitline 13 7848

**За помош да се откажете од пушење:**
www.quit.org.au

DT0004838